АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
И РЕОСИГУРУВАЊЕ **МАКЕДОНИЈА**
Скопје - Виена Иншуренс Груп

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
## НА СТОКА ВО ЛАДИЛНИЦИ

Овие Посебни услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на Друштвото на 98-та редовна седница одржана на 10.02.2016 година со одлука бр.02-1297/3-11 со примена од 15.02.2016 година.

Лектор Кристина Велевска

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ, МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ И ОСИГУРЕНИ ИНТЕРЕСИ

**Член1**

(1) Предмет на осигурување во смисла на овие Услови може да бидат резерви на стока за продажба или за преработка сместени во изградени ладилници на организации чија основна дејност е ладење и складирање стока, како и во изградени ладилници на големотрговски претпријатија, пристаништа, индустриски комбинати за производство или за преработка на прехранбени производи, претпријатија за производство на конзервирана храна (конзерви), за производство на пијалаци и на напивки, за производство на лекови, серуми и на вакцини, а исто така и за производство на хемиски и технички производи што мора да се складираат на пониска, односно контролирана температура (атмосфера) или во смрзната состојба.

(2) Осигурувањето склучено по овие Услови се однесува и на сета стока наведена во полисата за осигурување што се наоѓа во просториите за ладење или за смрзнување (комори за ладење и тунели за ладење), во коморите за складирање во нормална или во контролирана атмосфера (помешани гасови), за ризиците од членот 2, став 1, точка 1, и на стоката што се наоѓа во кругот на ладилникот.

(3) Предмет на осигурување не може да биде стоката во фрижидери (ладилници), апарати за длабоко замрзнување, во замрзнати витрини и простории што немаат карактеристика на изградени ладилници во трговски дуќани, занаетчиски дуќани, домаќинства, мотели, хотели, ресторани и угостителски дуќани, како стоката што се пренесува во специјални ладилници во авиони, по железници, по патишта, со речен и со поморски сообраќај.

Предмет на осигурување во смисла на овие Услови не може да биде стоката за која е склучено комбинирано осигурување на стока во превоз (транспортно осигурување), доколку со тоа осигурување (транспортно) е опфатено и складирањето на стоката во ладилници.

### ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

**Член 2**

(1) Со осигурувањето се опфатени штетите предизвикани од уништување, од оштетување или од однесување кон осигурената стока, и тоа поради:

1. пожар, удар од гром, експлозија, освен експлозија од нуклеарна енергија, луња, удар од сопствено моторно возило или од сопствена работна машина во градежен објект, град, паѓање и удар од воздушни летала, манифестации и демонстрации и излевање на вода од водоводни и од канализациски цевки

2. провална кражба и рабојништво;

3.

а). непредвидено и ненадејно оштетување на уреди за замрзнување и на л адилници што предизвикува;

- промена на начинот на ладење;
- потполно престанување на ладење;
- штетно дејство на средства за ладење на складираната стока.

б).оневозможено одржување на договорената или вообичаена температура и влажност на воздухот и контролирање на атмосферата во ладилникот.

(2) Ако одделно се договори и се плати доплатна премија, осигурителната заштита се проширува на еден или на повеќе дополнителни ризици, според тоа како ќе се договори, и тоа на:

1. поплава, порој и високи води;
2. лизгање и одронување на земјиште;
3. слегнување на почва;
4. снежна лавина;
5. истекување на складирани течности (лекажа);
6. земјотрес.

(3) Штетите настанати од некој од ризиците дефинирани во



ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

овој член се опфатени со осигурување дури и тогаш кога штетата е предизвикана намерно или со голема небрежност на осигуреникот или на негов работник, но во таков случај осигурувачот има право на регрес спрема причинителот.

(4) Кога ќе се оствари осигурен случај, со осигурувањето се покриени и:

1. штетите од уништување на осигурените предмети предизвикани при спасување (уривање, изнесување, укажување помош и сл.) поради настанатиот осигурен случај;

2. штетите поради исчезнување на осигурените предмети при настанување на осигурен случај;

3. трошоците направени за расчистување и за рушење во врска со настанот осигурен случај на осигурените предмети до висината определена во членот 7, став 1 од овие Услови;

4. трошоците што осигуреникот ги направил кога настанал осигурен случај на осигурените предмети за преземените мерки заради отстранување и намалување на штетата во висина одредена според членот 7, став 2 од овие Услови.

(5) Со осигурувањето не се покриени штетите предизвикани:

а). од природно расипување на стоката, од болест и од појава на влага, габи, мувла и слично;

б). од температура или влажност на воздухот и контролираната атмосфера што не одговарала на техничките нормативи за тој вид стока;

в) од трајно или постепено дејство на разни влијанија што доведуваат до корозија и постепено делумно или потполно уништување на амбалажата и стоката во врска со тоа;

г). од испарување или исушување на складирана и разладувана, односно замрзната стока;

д). штетите што се последица на најавена редукција во снабдувањето со електрична енергија од јавна електрична мрежа.

(6) Со осигурувањето не се покриени посредни штети, како што се штетите поради: загуба на закупнина, загуба предизвикана од прекин на работа, намалување на можноста за употреба и други слични загуби поради настанатиот осигурен случај.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ И ПРИМЕНА НА ДРУГИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 3

(1) Во смисла на Условите за осигурување од опасност од пожар и од некои други опасности се одредува обемот на опасности за:

1. пожар и удар од гром;
2. експлозија;
3. луња;
4. град;
5. удар од сопствено моторно возило и од сопствена работна машина;
6. паѓање и удар од летала;
7. манифестации и демонстрации;
8. излевање вода од водоводни и од канализациски цевки;
9. за поплава, порој и високи води;
10. лизгање и одронување на земјиште;
11. слегнување на почва;
12. снеж на л ави на;
13. истекување (лекажа) на течности;
14. земјотрес.

(2) Обемот на опасност од провална кражба и од разбојништво во смисла на овие Услови се утврдува според Условите за осигурување од опасности од провална кражба и разбојништво

(3) Во смисла на Условите за осигурување на машини од кршење и од некои други опасности (членови 2 и 3) се одредува обемот на опасност од непредвидено и ненадејно оштетување на уреди за ладење.

## ОБВРСКИ НА ДРЖИТЕЛ НА ЛАДИЛНИК И ПОСЛЕДИЦИ ОД НИВНОТО НЕИЗВРШУВАЊЕ

### Член 4

(1)Држителот на ладилник е должен;

1. да води попис на осигурената стока со податоци за количеството, видот и сортата, односно класата на производот што за време на осигурувањето ќе се складира и ќе се замрзнува во ладилници, како и податоци за минималното време по кое доаѓа до расипување на стоката;

2. да ги одржува во исправна состојба електромашинската постројка, складовите, коморите и тунелите;

3. да има ладилник со доволен капацитет за одржување на потребниот режим за ладење, дури и тогаш кога целиот складиштен простор на ладилникот е исполнет со стока. Држителот на ладилник мора да има и резервен капацитет во вкупниот разладувачки капацитет со соодветна големина;

4. за мали поправки да има електромашинска опрема и уреди. Доколку нема своја соодветна работилница, да има склучен договор за одржување на разладувачките постројки, и тоа со организација што произведува уреди за ладење или пак со организација што врши нивна монтажа или одржување на разладувачки постројки. Договорот за одржување мора да содржи одредби за нивото на услуги со кое се гарантира интервенција во рок што е покус од минималното време по кое доаѓа до расипување на осигурената стока;

5. да има склучено договор за поголеми поправки и ревизија на електромашинските постројки со организации или со работилници што се овластени од производителот или од испорачателот на разладувачката опрема за изведување такви работи;

6. да води книга за инспекција на ладилниците и на разладните постројки во која се запишуваат наодите од редовните прегледи;

7. да располага со централен систем за мерење на температурата во складиштата, во коморите и во тунелите за ладење и со систем за алармирање (тревога) во случај на пречекорување на температурата;

8. да располага со квалификувана стручна работна сила што постојано ги надгледува и ги контролира постројките за ладење и стоката во ладилниците;

9. да води складишна книга во која во секое време може да се утврди дневното количество на складирана и замрзна стока;

10. да води книга за мерење на температурата во коморите за ладење во која за секоја комора се внесуваат најмалку по 3 мерења на температурата во текот на денот;

11. за коморите со контролирана атмосфера во книгата да се внесуваат, покрај податоците од мерењето на температурата, и податоците за мерење на влагата, јаглерод диоксидот, кислородот, азотот и др.;

12. со помош на баждарскиот термометар секои 14 дена да ја контролира точноста на мерачите на температурата;

13. кај осигурувачот без одложување да го пријавува секое оштетување на електромашинската постројка или на инсталацијата на ладлникот и други случаи, односно погонски печки (немање на вода или струја, лекажа на медиумот за ладење и сл),за кои може да се претпостави дека можело да предизвикаат расипување на стоката во ладилникот;

14. да го контролира квалитетот на стоката при нејзиното внесување во ладилникот и при вадењето од него. Квалитетот на стоката што излегува од тунелот за ладење треба да се контролира при нејзиното изнесување од тунелот;

15. да води сметка во ниту еден момент да не го надмине пропишаниот капацитет на ладилникот.

(2) Ако држителот на ладилникот не ги исполни должностите од претходниот став, обврската од осигурувањето се намалува за толку за колку што настанала поголема штета поради неисполнување на овие должности, односно во пропорција меѓу премиските стапки предвидени за неисполнување и исполнување на обврските на држителот на ладилникот во Посебната тарифа за осигурување на стока во ладилници.

### ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

**Член 5**

(1) Вредноста на осигурените предмети ја одредува осигуреникот, односно договарачот на осигурувањето, и тоа:

1. според цените што може да се очекуваат на пазарот за стока од ист вид, количеството и квалитетот за времетраење на складирањето во ладилникот;

2. според набавната цена на стоката зголемена за износот на трошоците за складирање и на трошоците за превоз до ладилникот;

3. според производната цена зголемена со трошоците за складирање и со трошоците за превоз до ладилникот;

4. доколку договарачот на осигурувањето процени дека цените од претходните ставови заостануваат од пазарните цени, може заради адекватно покритие да договори процентуално зголемување на основата за пресметка на премијата, односно да ја зголеми сумата на осигурување.

(2) Доколку во полисата не се означи цената по која осигурувањето е склучено, за набавената и за туѓата стока ќе се смета дека е осигурена во смисла на точката 2, а за стоката од сопствено производство - во смисла на точката 3, став 1 од овој член.

### УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 6**

(1) Надоместок се пресметува:

1. при уништување или потполна загуба на вредноста на стоката според цената договорена во членот 5 од овие Услови, но најмногу до висина на пазарната цена, ако таа е пониска од осигурената на денот на настанувањето на осигурениот случај, по одбивање на вредноста на спасените остатоци;

2. при оштетување или делумна загуба на вредноста на стоката до висина од разликата помеѓу вредноста на оштетената стока пред и по настанувањето на осигурениот случај, а во смисла на членот 5 од овие Услови, но најмногу до висина на пазарната цена, ако таа е пониска од осигурената на денот на настанувањето на осигурениот случај.

(2) Штетата пресметана според ставот 1 од овој член ќе се надомести во полн износ ако сумата на осигурувањето не е помала од вредноста на осигурените предмети (член 5). Ако сумата на осигурувањето е помала од вистинската вредност, ќе се примени начелото на сооднос (пропорција) од членот 9 од Општите услови за осигурување на имот.

### НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ

**Член 7**

(1) На име трошоци направени за расчистување во врска со настанатиот осигурен случај на осигурените предмети, осигурувачот ги надоместува нужните издатоци за расчитување и за чистење на осигурените и оштетени предмети, но најмногу до 3% од сумата на осигурување, ако не се договори поинаку.

Во трошоците за расчитување спаѓаат нужните издатоци за расчистување и за чистење на местото на кое е предизвикана штетата, како и издатоците за изнесување на изгореното, шутот, расипаната стока и на тињата до најблиското место дозволено за растоварување.

(2) Осигурувачот ги надоместува нужните трошоци што договарачот на осигурувањето ги направил кога настанал осигурен случај на осигурениот предмет за преземените мерки заради остранување и намалување на штетата, па и тогаш кога тие мерки не биле успешни, но најмногу до 5% од сумата на осигурување.

(3) Вкупниот надоместок на име трошоци од претходниот став и на име отштета, пресметан според членот 6 од овие Услови, не може да ја надмине вредноста на предметите предвидена во членовите 5 и 6 од овие Услови. Трошоците за остранување и за намалување на штетата направени по налог на осигурувачот се надоместуваат и тогаш кога заедно со надоместокот ја надминуваат вредноста на осигурените предмети.

(4) Во случај на подосигурување, трошоците за расчитување и за уривање, како и трошоците за отстранување и за намалување на штетата, се надоместуваат во ист сразмер како и надоместокот од членот 6, освен во случаите кога тие се направени по налог на осигурувачот.

(5) Осигурувачот нема обврска да ги надомести трошоците предизвикани поради отстранување на причината на штетата, како и трошоците за интервенција на противпожарните друштва или на други организации чија должност е, според карактерот на работењето, бесплатно да даваат помош кога ќе настане осигурен случај.

### НАЧИН НА ОСИГУРУВАЊЕ И ПРЕСМЕТКА НА ПРЕМИЈА

**Член 8**

Осигурувањето може да се склучи;

а). на сума на осигурување;

б). на флотантна основа според Посебните услови за осигурување на залихи на флотантна основа.

### ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ

**Член 9**

Доколку не се во спротивност со овие Посебни услови, на осигурувањата склучени според овие Посебни услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имот.

### ПРАВО НА ЖАЛБА

**Член 10**

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

### НАДЛЕЖЕН СУД

**Член 11**

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот суд Скопје 2, Скопје.

Бр.02-1297/3-11
10.02.2016 година

Претседател на Управен одбор

Бошко Андов